*АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ*

Состојба на вработените во АФПЗРР

Во однос на капацитетите на човечки ресурси, според Анализата на обемот на работа (WLA) за 2022 година, оптималниот број на вработени потребни во АФПЗРР за имплементација на ИПАРД програмата 2014-2020 е 165. Сегашниот број на вработени во ИПАРД структурата на АФПЗРР изнесува 142 (од кои 3 се на привремена основа) или 86% од потребниот број вработени.

Во периодот од последниот извештај:

- 10 административни државни службеници од Секторот за контрола на терен, на почетокот на 2022 година беа распоредени во ИПАРД структурата на овој сектор,

- сите административни државни службеници од Секторот за информатички и комуникациски технологии (шест вработени), исто така на почетокот на 2022 година, беа вклучени во ИПАРД структурата на АФПЗРР,

- во ИПАРД структурата на АФПЗРР се вработија и почнаа да работат 4 нови административни државни службеници,

- унапредени се 3 административни државни службеници,

- 10 административни државни службеници вработени на привремена основа и работат на ИПАРД се вработени на неопределено време и

- 5 административни државни службеници кои работеа на ИПАРД го напуштија АФПЗРР.

Дополнително, во 2022 година продолжи исплатата на месечен бонус од 15% од основната плата на вработените кои работат на ИПАРД.

**Финансиски податоци поврзани со спроведувањето на ИПАРД програмата; особено состојбата со реализацијата на финансиските алокации за 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година**

Вкупно превземените обврски од склучените договори за финансиска поддршка, од јавните повици 01/2017, 01/2018, 02/2018, 01/2019, 02/2019 и 01/2020 изнесува 58.161.293,69 € (ЕУ учество).
Земајќи ги во предвид финансиските алокации како и предфинансирањето побарано од страна на НАО и одобрено од ЕК, постои ризик за губење на правото за користење на средства од финансиската година 2019 во вредност од 10.064.403 € (ЕУ учество), всушност превземени се обврски со договори за финансиска поддршка но оваа сума потребно е да биде платена до крајот на 2022 година.

**Статус со акредитација на мерката рурална јавна инфраструктура**

Во однос на акредитацијата на мерката рурална јавна инфраструктура договорени се следните активности со Националниот фонд и Телото за управување:

- реализација на потребните вработувања за реализација на оваа мерка до јули, анализата на работната оптовареност за 2022 ја опфаќа и работната оптовареност и на оваа меркаи проектираниот број на вработени за ИПАРД 2022 ги вклучува и новите вработувања предвидени за оваа мерка,
- реализација на основни обуки за оваа мерка (ПРАГ, измами/непревилности итн.) во зависност од расположливи стручни лица и средства преку TAIEX инструментот, и
- усогласување на постапките за работа за спроведување на мерката за рурална јавна инфраструктура со забелешките на Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој на Европската комисија.

**Статус во однос на имплементацијата на акредитираните мерки 1, 3 и 7**

Во текот на изминатиот период, АФПЗРР ги склучи сите преостанати договори од јавните повици 01/2019, 02/2019 и јавниот повик 01/2020. Во однос на мерката 7 од јавниот повик 01/2021, АФПЗРР во овој период ги склучува преостанатите договори на соодветните апликации.
Во периодот на известување од последниот мониторинг комитет оддржан во декември 2021, секторот за одобрување на проекти се фокусирање на обработка на преостанатите апликации од јавниот повик 01/2020 од мерката 1 како и на апликациите од јавниот повик 01/2021 мерка 7. Во овој период 52 договори беа склучени со вкупна вредност од 1.598.057,56 € (ЕУ учество) од мерката 1 и 93 договори со вредност од 7.623.412,05 € (ЕУ учество) од мерката 7 од јавниот повик 01/2021.
Вкупно контракитрани се 93 договори со вкупна јавна поддршка од 10.164.549,40 € (ЕУ учество 7.623.412,05 € ) од мерката 7 и од мерката 1 вкупно 454 проекти со вкупна јавна поддршка 8.338.094,13 € (ЕУ учество 6.253.570,60 €). Вкупно превземените обврски од целиот програмски период 2014-2020 изнесува 77.497.655,58 € (ЕУ учество 58.161.293,69 €).

По извршената административната проверка, секторот за одобрување на проекти донесе и 19 решенија за одбивање на барањето за мерка 7, и 5 решенија за одбивање за мерка 1 (во периодот за известување). Исто така, битно е да се спомене дека 31 проект беа откажани по барање на корисниците од јавниот повик 01/2020 М1 со вкупна јавна поддршка од 1.888.104,32 €.

Главна причина за одбивање на барањата од сите мерки е некомплетноста на барањата. Големое каснење во текот на обарботката на предметите причинува бавниот одговор од страна на Бирото за судски вештачења во процесот на одредување на оправданост на трошоците. Исто така, заради пандемијата од висрусот Covid-19, одзивот на компаниите кои беа контактирано во постапката на истражување на пазарните цени беше многу слаб. Големиот број на пристигнати апликации и недоволниот број на вработени, сеуште претставува едно од тесните грла во процесот на обработка на апликациите.

Со последните 4 јавни повици (01/19, 02/19, 01/20 и 01/21) објавени за сите три мерки посебно, исцрпен е буџетото на сите мерки од целиот програмски период 201-2020.
Во табелата подолу се детално наведени бројот на примени и бројот на обработени апликации.

**Информација за доставените барања од јавните повици**
Јавен повик 01/2020

| Мерка | Сектор | Вкупен број на пристигнати барања | Побаруван износ во пристигнатите барања | Број на одбиени барања | Главна причина за одбивање на апликациите | Број на потпишани договори ( испратени решенија за одобрување на барањето) | Вкупен износ на финансиска поддршка (во евра) на потпишаните договори | Износ на финансиска поддршка ( ЕУ учество) на потпишаните договори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 728 | 14.130.491,00 € | 247 | Incomplete applications | 452 | 8.176.006,13 € | 6.132.004,60 € |
| 1 | 2 | 16 | 5.560.360,00 € | 13 | | 2 | 162.088,00 € | 121.566,00 € |
| 1 | 3 | 3 | 1.319.200,00 € | 1 | | 0 | - € | - € |
| 1 | 4 | 1 | 2.162,00 € | 1 | | 0 | - € | - € |
| **Вкупно на 27.04.2022** | | 748 | 21.012.213,00 € | 262 | | 454 | 8.338.094,13 € | 6.253.570,60 € |

Јавен повик 01/2021

| Мерка | Сектор | Вкупен број на пристигнати барања | Побаруван износ во пристигнатите барања | Број на одбиени барања | Главна причина за одбивање на апликациите | Број на потпишани договори ( испратени решенија за одобрување на барањето) | Вкупен износ на финансиска поддршка (во евра) на потпишаните договори | Износ на финансиска поддршка ( ЕУ учество) на потпишаните договори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | 1 | 114 | 1.098.763,00 € | 54 | Incomplete applications | 47 | 214.255,43 | 160.691,57 € |
| 7 | 2 | 22 | 3.205.504,00 € | 12 | | 8 | 1.387.107,49 | 1.040.330,62 € |
| 7 | 3 | 50 | 15.954.067,00 € | 20 | | 22 | 4.940.421,03 | 3.705.315,77 € |
| 7 | 4 | 3 | 25.860,00 € | 2 | | 0 | - € | - € |
| 7 | 5 | 12 | 1.050.517,00 € | 5 | | 4 | 437.051,98 | 327.788,99 € |
| 7 | 6 | 6 | 1.038.200,00 € | 3 | | 2 | 21.606,55 € | 16.204,91 € |
| 7 | 7 | 43 | 10.117.909,00 € | 28 | | 10 | 3.164.106,92 | 2.373.080,19 € |
| **Вкупно на 27.04.2022** | | 250 | 32.490.820,00 € | 124 | | 93 | 10.164.549,40 € | 7.623.412,05 € |

Сумарна табела од сите јавни повици во програмскиот период 2014-2020

| Мерка | Вкупен број на пристигнати барања | Побаруван износ во пристигнатите барања | Број на одбиени барања | Број на потпишани договори ( испратени решенија за одобрување на барањето) | Вкупен износ на финансиска поддршка (во евра) на потпишаните договори | Износ на финансиска поддршка ( ЕУ учество) на потпишаните договори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| M1 | 3251 | 56.845.115,19 € | 1181 | 1986 | 27.929.330,10 € | 20.946.997,58 € |
| M3 | 183 | 45.066.700,53 € | 64 | 118 | 26.552.513,53 € | 19.914.385,15 € |
| M7 | 698 | 118.933.776,95 € | 461 | 194 | 22.635.291,95 € | 16.976.468,96 € |
| M9 | 41 | - € | 16 | 20 | 380.520,00 € | 323.442,00 € |
| **Total on 27.04.2022** | | **220.845.592,67 €** | **1722** | **2318** | **77.497.655,58 €** | **58.161.293,69 €** |

Во периодот Декември 2021-Април 2022 пристигнати се 103 нови барања за исплата за мерка 1 (Инвестиции во материјални средства за земјоделски стопанства) со вкупно барана сума од 255.263.730,00 денари (4.142.547 €). Во истиот период од оваа мерка одобрени за исплата се 132 барања со вкупен износ од 83.261.673ден. ( 1.349.569,00 €).

Досега вкупно се пристигнати 1821 барања за исплата и тоа за мерката 1. Вкупна барана сума 19.447.312,00 €

Одобрени за исплата се 1685 барања во вкупен износ од околу 14.291.911,91 €.

Во периодот Декември 2021-Април 2022 пристигнати се 11 нови барања за исплата за мерка 3 (Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи) со вкупно барана сума од 528.150.228,00 денари (8.518.552 €). Во истиот период од оваа мерка исплатени се 7 барања со вкупен износ од 151.383.060,00 ден. ( 2.453.729,00 €).

Досега се пристигнати вкупно 97 барања за исплата за мерката 3. Вкупна барана сума 15.372.550,50 €

Одобрени за исплата се 88 барања во вкупен износ од околу 12.986.545,63 €

Во периодот Декември 2021-Април 2022 пристигнати се 15 нови барање за исплата за мерка 7 (Диверзификација на фарми и развој на бизниси) со вкупно барана сума од 81.867.522 денари ( 1.320.444,00 €). Во истиот период од оваа мерка исплатени се 12 барања со вкупен износ од 23.273.985,00 ден. (377.242,00 €).

Досега се пристигнати вкупно 78 барања за исплата за мерката 7. Вкупна барана сума 4.274.371,50 €

Одобрени за исплата се 62 барања во вкупен износ од околу 3.347.883,75 €

Во прилог е табела со податоци односно целосен преглед за имплементација по однос на ИПАРД 2 Програмата

| Мерка | Вкупно барања | Вкупно барана сума | Број на одбиени барања | Број на договори | Вкупно прифатливи трошоци | Вкупно прифатливи трошоци ЕУ дел | Број на барања за исплата | Барана сума за исплата вкупно | Барана сума за исплата ЕУ дел | Број на одобрени барања за исплата | Одобрена сума за исплата ЕУ дел | **Исплатена сума ЕУ дел** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М1 | 3251 | 56.845.115,19 € | 1181 | 1986 | 27.929.330,10 € | 20.946.997,58 € | 1821 | 19.447.312,00 € | 14.585.484,00 € | 1685 | 11.433.529,53 € | 11.342.094,00 € |
| М3 | 183 | 45.066.700,53 € | 64 | 118 | 26.552.513,53 € | 19.914.385,15 € | 97 | 20.496.734,00 € | 15.372.550,50 € | 88 | 10.389.236,51 € | 9.176.806,00 € |
| М7 | 698 | 118.933.776,95 € | 461 | 194 | 22.635.291,95 € | 16.976.468,96 € | 78 | 5.699.162,00 € | 4.274.371,50 € | 62 | 2.678.307,00 € | 2.390.609,00 € |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M9 | 41 | - € | 16 | 20 | 380.520,00 € | 323.442,00 € | 13 | 189.740,00 € | 151.792,00 € | 13 | 145.606,90 € | 141.950,00 € |
| **Total on 29.04.222** | | 220.845.592,67 € | 1722 | 2318 | 77.497.655,58 € | 58.161.293,69 € | **2009** | 45.832.948,00 € | 34.384.198,00 € | 1848 | 24.646.679,94 € | 23.051.459,00 € |
| | | | | | | | | | | Total | 30.793.789,23 € | 28.800.128,75 € |

## ***<u>Контроли на самото место (од Јануари 2022 - тековно)</u>***

### *<u>Контроли на терен – пред одобрување</u>*

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Јануари 2022 година изврши вкупно 45 контроли на терен пред одобрување на проекти, за инвестиции од јавни повици 20/01 и 21/01 за ИПАРД Програмата 2014-2020 година. Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.*

| Јавен повик *20/01 ( Мерка 1)* | |
|---|---|
| 1 КСМ | |
| Јавен повик *21/01 ( Мерка 7)* | |
| 44 КСМ | |
| Вкупен број на контроли | 45 КСМ |

*Контрола на терен – пред исплата*

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Јануари 2022 година изврши вкупно 121 контроли на терен пред исплата на инвестициите за јавните повици 18/01, 18/02 , 19/01, 19/02, 20/01 I 21/01 за ИПАРД Програмата 2014-2020 година. Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.*

| | |
|---|---|
| *Јавен повик 18/01 (Мерка 3)* | |
| 1КСМ | |
| *Јавен повик 18/02 (Мерка 1)* | |
| 1 КСМ | |
| *Јавен повик 19/01 (Мерка 7)* | |
| 11 КСМ | |
| *Јавен повик 19/02 (Мерка 3)* | |
| 5 КСМ | |
| *Јавен повик 20/01 (Мерка 1)* | |
| 101 КСМ | |
| *Јавен повик 21/01 (Мерка 7)* | |
| 2 КСМ | |
| **Вкупен број на контроли** | 121 КСМ |

***Контроли на терен – после исплата***

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Јануари 2022 изврши вкупно 163 контроли на терен после исплата на инвестициите за ИПАРД 1 Програмата 2007-2013 и ИПАРД 2 програмата 2014-2020. Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по мерки*

| *Контроли после исплата (ИПАРД 1 2007-2013 и ИПАРД 2 2014-2020)* | |
|---|---|
| Мерка | Број на контроли по мерка |
| 1/101 | 152 КСМ |
| 3 | 7 КСМ |
| 7 | 4 КСМ |
| **Вкупен број на контроли** | 163 КСМ |

***Проблеми при извршување на контролите на терен поради ситуацијата со COVID-19***

Во моментот сеуште се соочуваме со тешкотии во извршувањето на контролите (позитивни вработени, самоизолации итн.), но сепак засега тоа е мал број на корисници и вработени во СКТ при АФПЗРР.